**ПРЕДЛОГ ТЕКСТ НА**
**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**

# POVIDON JOD, 10%

**(povidon-iodine)**
**Раствор за кожа**

**Пред употребата на лекот, внимателно прочитајте го упатството.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети, дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.

**Упатството содржи:**

1. *Што претставува POVIDON JOD и за што се употребува?*
2. *Што треба да знаете, пред да употребите POVIDON JOD?*
3. *Како да се употребува POVIDON JOD?*
4. *Можни несакани дејства.*
5. *Чување и рок на употреба на POVIDON JOD.*
6. *Додатни информации.*

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА POVIDON JOD И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА?

Лекот POVIDON JOD претставува комплекс на јод и повидон. Од таквиот комплекс, јодот постепено се ослободува дејствувајќи против широк спектар патогени причинители: бактерии, вируси, габички, спори и протозои.
*Повидон-јод* растворот се користи за дезинфекција на кожата и слузокожата пред и по сложени и едноставни хируршки зафати.

ЗАПОМНЕТЕ – Овој лек ви е препишан **само Вам**.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ POVIDON JOD?

**Не употребувајте го POVIDON JOD:**

- ако сте преосетливи на јод;
- ако имате заболување на штитната жлезда (вклучувајќи гушавост и Хашимотов тиреоидитис);
- за испирање на телесни шуплини, и
- кај новороденчињата со мала родилна телесна маса (под 1.500 g).

**Бидете особено внимателни со POVIDON JOD:**

- доколку имате заболување на бубрезите, и



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

- доколку земате литиум (за лекување на психоза).

Примената на големи површини на оштетена кожа може да доведе до прекумерна ресорпција на јод.

**Употреба на други лекови**
*Секогаш информирајте го Вашиот лекар или фармацевт ако земате или до неодамна сте земале или планирате да земете кој било друг лек, вклучувајќи ги и лековите што се издаваат без лекарски рецепт.*

Примената на лекот POVIDON JOD може да влијае на тестовите за испитување на функцијата на штитната жлезда. Кај некои видови тестови за одредување на присуството на крв во столицата или во урината, *повидон-јод* може да даде лажно позитивни резултати.

**Употреба на лекот во текот на бременоста и периодот на доење**
*Пред да започнете да земате кој било лек, советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

Не се препорачува хронична примена на повидон-јод за време на бременоста и во текот на периодот на доење, со оглед на тоа дека ресорбираниот јод може да помине низ плацентата, а и да се излачи во млекото на доилката. Иако во текот на краткотрајната примена на *повидон-јод* не се пријавени несакани ефекти кај трудниците, се препорачува претпазливост и треба да се процени користа од терапијата во однос на можните несакани ефекти што може да ги предизвика ресорбираниот јод на функцијата и развојот на штитната жлезда на фетусот.

**Влијание врз способноста за возење или за ракување со машини**

Нема податоци кои укажуваат на тоа дека *повидон-јод* влијае на способностите за управување со моторно возило или ракување со машини.

**Важни информации за помошните материи што ги содржи лекот POVIDON JOD**

Лекот POVIDON JOD не содржи помошни материи кои можат да влијаат на безбедната примена на лекот.

*Ве молиме да се посоветувате со Вашиот лекар тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас кога било во минатото.*

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА POVIDON JOD?

Лекот POVIDON JOD употребувајте го онака како што Ви објаснил и Ви препорачал Вашиот лекар. Ако не сте сосема сигурни, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.

*Повидон-јод* растворот за кожа е наменет само за локална примена на кожата.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

***Возрасни, постари лица и деца***

За предоперативна и постоперативна дезинфекција на кожата треба да се користи неразблажен раствор. Треба да се спречи насобирање на растворот под пациентот и во наборите на кожата. Пред да се стави завој, треба да се отстрани вишокот на раствор.
*Повидон-јод* не се препорачува за хронична примена кај новороденчињата, а е контраиндициран кај новороденчињата со мала родилна телесна маса (под 1.500 g).

**Ако земете POVIDON JOD повеќе отколку што е потребно**

Ако сте зеле поголема доза од лекот од онаа што Ви е препорачана или ако некој друг случајно го зел Вашиот лек, веднаш обратете му се на Вашиот лекар, фармацевт или во најблиската здравствена установа.

Јодот земен во големи количества може да предизвика струма или хипертиреоидизам.
Симптомите на акутно предозирање се: метален вкус во устата, зголемена саливација, печење или болка во грлото или во устата, иритација или отекување на очите, отежнато дишење поради белодробен едем, реакции на кожата, гастроинтестинални тегоби и дијареа. Може да дојде и до развој на нарушување на метаболизмот (ацидоза), зголемена количество натриум во крвта и оштетување на функцијата на бубрезите.

**Ако заборавите да земете POVIDON JOD**
Никогаш не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената!
Доколку сте прескокнале да ја земете дозата на лекот, земете ја колку што е можно побрзо. Меѓутоа, ако се наближува времето за земање на следната доза, продолжете со земањето на лекот според препорачаниот режим на дозирање.

**Ако прекинете да земате POVIDON JOD**
Доколку почувствувате подобрување, не прекинувајте го лекувањето со лекот POVIDON JOD без да се консултирате со Вашиот лекар.

Вашиот лекар ќе Ве советува кога да престанете со терапијата.

*Ако имате други прашања за употребата на лекот, консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите други лекови, и* **POVIDON JOD** *може да има несакани дејства, иако тие не мора да се јават кај сите пациенти.*

Доколку се јави некое од следниве несакани дејства, веднаш обратете се на Вашиот лекар или фармацевт:



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

– иритација на кожата;
– преосетливост (вклучувајќи тежок облик на алергиска реакција-анафилактичка реакција);
– нарушувања на метаболизмот (ацидоза);
– зголемени концентрации на натриум во крвта (хипернатремија), и
– оштетена функција на бубрезите.

*Ако некое несакано дејство стане сериозно или ако забележите какво било несакано дејство коешто не е наведено во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА POVIDON JOD

Да се чува на температура до 25°C, во оригиналното пакување, со цел да се заштити од светлина.
*ЛЕКОТ ДА СЕ ЧУВА НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!*

**Рок на употреба**
*3 (три) години од датумот на производство.*
*Лекот не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба наведен на кутијата.*
*Рокот на употреба истекува на последниот ден од наведениот месец.*

Лековите не треба да се фрлаат во канализацијата, ниту во куќниот отпад. Прашајте го Вашиот фармацевт за тоа како да ги отстраните лековите коишто не Ви се веќе потребни. Овие мерки помагаат во зачувувањето на животната средина. Неупотребениот лек се уништува во согласност со важечките прописи.

## 6. ДОДАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи POVIDON JOD**

*Активни супстанции: Повидон-јод*

**POVIDON JOD,** 10%, раствор за кожа

100 ml раствор содржат:

*Повидон-јод*: 10 g (одговара на 1 g расположлив јод)

*Помошни супстанции:*
- глицерол (85%);
- ноноксинол 9;
- натриум хидроген фосфат, додекахидрат;
- лимонска киселина, монохидрат;
- натриумхидроксид 45%, и
- пречистена вода.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

**Како изгледа лекот POVIDON JOD и содржина на пакувањето**

Раствор за кожа (раствор со темнокафеава боја, со кркатеристичен мирис на јод).

**POVIDON JOD,** 10%, раствор за кожа, 100 ml:
HDPE контејнер со бела боја со бел PP затворач. Надворешното пакување е картонска кутија.

**POVIDON JOD,** 10%, раствор за кожа, 500 ml:
HDPE контејнер со бела боја со бел PP затворач.

**Начин на издавање**
Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР).

**Производител**
HEMOFARM A.D., ул.Београдски пут б.б., Вршац, Р. Србија

**Место на производство**
HEMOFARM d.o.o., ул. Хајдук Вељкова бб, Шабац, Р.Србија

**Носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
ХЕМОФАРМ А.Д. ФАРМАЦЕВТСКО – ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА
ПРЕТСТАВНИШТВО СКОПЈЕ
ул. Иво Лола Рибар 39/1-1, Скопје, Р. Македонија

**Упатството е одобрено...**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ *